# ОПЕРАТИВНА ПРОГРАМА

## за одржување јавна чистота
## на подрачјето на Општина Илинден
## за 2015 година

***Илинден, 2014 година***

***Јавно комунално претпријатие „Илинден" - Општина Илинден***

Одржувањето на јавната чистота претставува континуиран процес кој обезбедува трајно и квалитетно чистење на јавните површини. За реализирањето на овие активности, а врз основа на чл.7 од Законот за јавна чистота и одредбите од Одлуката за комунален ред и мерки за нејзино спроведување на подрачјето Општина Илинден арх.бр.07-1891/4 од 30.06.2014 година (објавена во Службен гласник на Општина Илинден бр.6 од 03.07.2014 година), Јавното комунално претпријатие „Илинден" н.Илинден изготви

# П Р О Г Р А М А

## за одржување јавна чистота на подрачјето на Општина Илинден за 2015 година

Со програмата за одржување на јавната чистота на подрачјето на Општина Илинден за 2015 година се дефинираат : видот и обемот на работите што треба да се извршат во текот на 2015 година, финансиските средства неопходни за извршување на предвидените работи, временските рокови за извршување на работите, како и динамиката и начинот на извршување на работите.

## 1. ВИД И ОБЕМ НА РАБОТИТЕ

Одржувањето на јавната чистота ќе се состои од: машинско и рачно метење и миење на улиците, како и сите други јавни површини и отворени простори и јавни објекти наведени во Законот за јавна чистота, празнење на уличните корпи за отпад кои се поставени на подрачјето на Општина Илинден и одржување на терциерната каналска мрежа. Планирањето и димензионирањето на работата, работната рака и механизација за одржувањето на чистотата на јавните површини е извршено врз основа на следниве клучни фактори:

- Одредувањето на нивото и динамиката на одржување на комуналната јавна чистота на јавните површини (категоризацијата)
- Димензиите, типот и формата на јавните површини (големина)
- Начинот на одржување на јавната чистота
- Пресметка на нормите за работа врз кои се врши димензионирањето на работата, работната рака и механизацијата.

***Потекло и вид на сметот на јавните површини***

Под поимот смет се подразбира збир на отпадоци кои се создаваат при одржувањето на јавната чистота. Под поимот собирање на смет се подразбира отстранување на создадениот смет и сместување во садови за смет. Според начинот на живеење и работењето на луѓето , одржувањето на јавната чистота е условено од следниве фактори: густината на населеност, фреквенцијата на луѓе и моторни возила, степенот на нечистотија, степен на пречки (паркирани возила и др.), инфраструктурните сообраќајни услови, културните навики на населението, стандардот, самодисциплината на граѓаните и придржувањето на позитивните прописи. Од овие фактори е условен и степенот на загаденост на јавните површини, начинот и динамиката на одржување на истите. Сметот на јавните површини се јавува како:

- Секојдневен смет

а) Отпадоци од возила кои настануваат при: превоз на разновиден материјал (градежен материјал, овошје, зеленчук и технолошки материјал), товарање и растоварање на разни стоки, собирање на домашен смет, косење на тревни површини

б) Загадувања од атмосферата: загадување од чад и прав, индустриски оџаци, гасовите од моторните возила

в) При интензивно врнење на дождови: наноси од земја, песок, лисја и др.

- Сезонски смет

Се појавува сезонски и обично го има во два вида:

- лисја од дрвјата,суви гранки и сл.
- песок, згура и ситен камен кој во зимскиот период служи за посипување на јавните површини заради намалување на клизавоста, кој по престанокот на мразевите и снеговите треба темелно да се отстрани.

## 2. ДИНАМИКА, НАЧИН И РОКОВИ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА РАБОТИТЕ

Секторот „Јавна чистота, паркови и зеленило" во текот на 2015 година ќе ги превземе сите неопходни активности за ефикасно организирање и функционирање на работниот процес за одржување на јавната чистота, а се со цел да се обезбеди трајно и квалитетно чистење на јавните површини и отворени простори на јавни објекти, а согласно обврските кои произлегуваат од Законот за јавна чистота.

За изработка на организациониот план за чистење на јавните површини еден од важните фактори е категоризацијата на јавните површини. Категоризацијата на јавните површини зависи од : населеноста, распоредот на работните и станбените објекти  и интензитетот на сообраќајот. Притоа , имајќи го во предвид минатогодишното искуство, јавните површини на територијата на Општина Илинден ќе бидат распоредени во следниве категории :

- **1 Категорија - Центарот на општината каде улиците, тротоарите, плочниците се со густа фреквенција на движење : метачите ќе вршат рачно метење во поширокото централно подрачје и празнење на уличните корпи за отпад во ова подрачје, со исклучок во зимските периоди при поголеми врнежи на снег и појава на мразеви. Чистењето ќе се врши три пати неделно, додека метењето еднаш во две недели.**

**ОРГАНИЗАЦИОНЕН ПЛАН ЗА ЧИСТЕЊЕ НА ЈАВНИТЕ ПОВРШИНИ ОД I КАТЕГОРИЈА**

**Улици, тротоари и плочници со густа фреквенција на движење**

| Ред бр. | Релација, патен паравец, улица | Должина (км.) | Ширина (м.) | Површ (м2) | Временски период за извршување на интервенцијата на чистење |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Улица „7" Илинден | 0,25 | 6 | 1.500 | Чистење : Понеделник $07^{30}$-$12^{30}$<br>Среда $07^{30}$-$12^{30}$<br>Петок $07^{30}$ - $12^{30}$<br>Метење : Вторник $11^{30}$ - $15^{30}$ |
| 2. | Улица „8" Илинден | 2,6 | 6 | 15.600 | Чистење : Понеделник $07^{30}$-$12^{30}$<br>Среда $07^{30}$-$12^{30}$<br>Петок $07^{30}$ - $12^{30}$<br>Метење : Вторник $11^{30}$ - $15^{30}$ |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 3. | Улица „9" Илинден | 2,4 | 6 | 14.400 | Чистење : Понеделник $07^{30}$-$12^{30}$<br>Среда $07^{30}$-$12^{30}$<br>Петок $07^{30}$ - $12^{30}$<br>Метење : Вторник $11^{30}$ - $15^{30}$ |
| 4. | Улица „9" ( на потегот ОУ Гоце Делчев - Сатра) | 0,5 | 4 | 2.000 | Чистење : Понеделник $07^{30}$-$12^{30}$<br>Среда $07^{30}$-$12^{30}$<br>Петок $07^{30}$ - $12^{30}$<br>Метење : Вторник $11^{30}$ - $15^{30}$ |
| 5. | Улица „500" Марино | 2,1 | 6 | 12.600 | Чистење : Понеделник $07^{30}$-$12^{30}$<br>Среда $07^{30}$-$12^{30}$<br>Петок $07^{30}$ - $12^{30}$<br>Метење : Вторник $11^{30}$ - $15^{30}$ |
| 6. | Улица „531" Марино | 0,6 | 5 | 3.000 | Чистење : Понеделник $07^{30}$-$12^{30}$<br>Среда $07^{30}$-$12^{30}$<br>Петок $07^{30}$ - $12^{30}$<br>Метење : Вторник $11^{30}$ - $15^{30}$ |
| 7. | Улица „532" Марино | 1,4 | 5 | 7.000 | Чистење : Понеделник $07^{30}$-$12^{30}$<br>Среда $07^{30}$-$12^{30}$<br>Петок $07^{30}$ - $12^{30}$<br>Метење : Вторник $11^{30}$ - $15^{30}$ |
| 8. | Улица „534" Марино | 0,3 | 6 | 1.800 | Чистење : Понеделник $07^{30}$-$12^{30}$<br>Среда $07^{30}$-$12^{30}$<br>Петок $07^{30}$ - $12^{30}$<br>Метење : Вторник $11^{30}$ - $15^{30}$ |
| 9. | Раскрсница Кадино-игралиште Кадино | 0,8 | 6 | 4.800 | Чистење : Понеделник $07^{30}$-$12^{30}$<br>Среда $07^{30}$-$12^{30}$<br>Петок $07^{30}$ - $12^{30}$<br>Метење : Вторник $11^{30}$ - $15^{30}$ |
| 10. | Раскрсница ул.„534" и „531" | 0,1 | 6 | 600 | Чистење : Понеделник $07^{30}$-$12^{30}$<br>Среда $07^{30}$-$12^{30}$<br>Петок $07^{30}$ - $12^{30}$<br>Метење : Вторник $11^{30}$ - $15^{30}$ |

- **2 Категорија - Густо населени улици и подрачја со послаба фрквенција на луѓе и моторни возила каде работите ќе се изведуваат два пати во неделата.**

**ОРГАНИЗАЦИОНЕН ПЛАН ЗА ЧИСТЕЊЕ НА ЈАВНИТЕ ПОВРШИНИ ОД II КАТЕГОРИЈА**

**Населени улици и подрачја со послаба фреквенција на луѓе и моторни возила**

| Ред бр. | Релација, патен паравец, улица | Должина (во км.) | Ширина (во м.) | Површ. (во м2) | Тип на интервенција и временски период за извршување на интервенцијата |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Улица „1" Илинден | 3,3 | 6 | 19.800 | Чистење : Вторник $07^{30}$-$11^{30}$<br>Петок $07^{30}$-$10^{30}$ |
| 2. | Улица 11, 13, 14 и 15 Илинден | 1,6 | 4 | 6.400 | Чистење : Вторник $07^{30}$-$11^{30}$<br>Петок $07^{30}$-$10^{30}$ |
| 3. | ОУ Гоце Делчев-нов мост (Марино) | 0,1 | 6 | 600 | Чистење : Вторник $07^{30}$-$11^{30}$<br>Петок $07^{30}$-$10^{30}$ |
| 4. | Надвозник кај хотел „Белви" | 0,1 | 8 | 800 | Чистење : Вторник $07^{30}$-$11^{30}$<br>Петок $07^{30}$-$10^{30}$ |
| 5. | Надвозник кај ж.станица Илинден | 0,3 | 8 | 2.400 | Чистење : Вторник $07^{30}$-$11^{30}$<br>Петок $07^{30}$-$10^{30}$ |

- **3 Категорија - Собирање на отпадоците од и покрај главните патни правци кои ги поврзуваат населените места во општината и празнење на садовите за отпадоци поставени на јавните површини (корпите за отпадоци и отпушоци) : Работите ќе се извршуваат еднаш во две недели.**

**ОРГАНИЗАЦИОНЕН ПЛАН ЗА ЧИСТЕЊЕ НА ЈАВНИТЕ ПОВРШИНИ ОД III КАТЕГОРИЈА**

**Главни патни правци кои ги поврзуваат населените места во општината**

| Ред бр. | Релација, патен паравец, улица | Должина (км.) | Ширина (во м.) | Површ. (во м2) | Тип на интервенција и временски период за извршување на интервенцијата |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Илинден - Пуста кула | 2,0 | 4 | 8.000 | Чистење : Петок $10^{30}$-$15^{30}$ |
| 2. | Илинден - Јурумлери | 2,0 | 5 | 10.000 | Чистење : Петок $10^{30}$-$15^{30}$ |
| 3. | ул.10 (Кадино) - Идризово (Дрма) | 2,7 | 5 | 13.500 | Чистење : Петок $10^{30}$-$15^{30}$ |
| 4. | ул.2 (Кадино-Мралино) | 1,0 | 4 | 4.000 | Чистење : Петок $10^{30}$-$15^{30}$ |
| 5. | Раскрсница Кадино-Бунарџик | 2,5 | 5 | 12.500 | Чистење : Петок $10^{30}$-$15^{30}$ |
| 6. | Бунарџик-Ајватовци | 1,9 | 4 | 7.600 | Чистење : Петок $10^{30}$-$15^{30}$ |
| 7. | Раскрсница Кадино-Миладиновци | 6,2 | 6 | 37.200 | Чистење : Петок $10^{30}$-$15^{30}$ |
| 8. | Миладиновци-Текија | 2,7 | 5 | 13.500 | Чистење : Петок $10^{30}$-$15^{30}$ |
| 9. | Текија - Дељадровци | 1,4 | 5 | 5.600 | Чистење : Петок $10^{30}$-$15^{30}$ |
| 10. | Миладиновци-Бујковци | 2,0 | 5 | 10.000 | Чистење : Петок $10^{30}$-$15^{30}$ |
| 11. | Бујковци-Мршевци | 1,5 | 5 | 7.500 | Чистење : Петок $10^{30}$-$15^{30}$ |
| 12. | Мршевци-Бучинци | 1,0 | 4 | 4.000 | Чистење : Петок $10^{30}$-$15^{30}$ |
| 13. | Мршевци-Дељадровци | 2,0 | 5 | 10.000 | Чистење : Петок $10^{30}$-$15^{30}$ |
| 14. | Илинден-Ајватовци | 3,2 | 5 | 16.000 | Чистење : Петок $10^{30}$-$15^{30}$ |
| 15. | Улица кон Стопански комплекс (живин.фарма) | 0,2 | 5 | 1.000 | Чистење : Петок $10^{30}$-$15^{30}$ |
| 16. | Ајватовци-Мршевци | 3,9 | 5 | 19.500 | Чистење : Петок $10^{30}$-$15^{30}$ |

| **Предмер на јавни површини и отворени простори на јавни објекти на територијата на Општина Илинден** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Р.бр** | **Категорија на јавн.пов.** | **Опис на работата** | **Површина $м^2$** | **Број на интервенции** | **Годишна површина $м^2$** |
| **1.** | Категорија 1 | Чистење три пати неделно и метење еднаш во две недели | 53.400 | 158 | 8.437.200 |
| **2.** | Категорија 2 | Чистење на површините два пати неделно | 35.100 | 104 | 3.650.400 |
| **3.** | Категорија 3 | Чистење на површините еднаш во две недели | 184.700 | 26 | 4.802.200 |

Оваа динамика за извршување на активностите за чистење на јавните сообраќајни површини може да се зголеми во зависност од укажаните потреби, а врз основа на согледувањата на стручните служби на претпријатието или на барање на општинските органи.

Во Програмата за одржување на јавната чистота на подрачјето на Општина Илинден за 2015 година не се предвидени следниве активности:

- Одржување на површините на отворените простори на јавните објекти и на дворните површини на колективните и индивидуалните објекти, расчистување на диви депонии и расчистување на слободните површини кои не се наменети за промет на сообраќај.

**Повремени работи :**Како повремени работи се јавува потребата од чистењето на јавните површини по барање на органите на Општината за време на државните празници, по барање на инспекциските служби, собирањето на сметот после јавните манифестации на барање на организаторот на јавната манифестација по претходен договор со него и др. Овие работи се извршуваат надвор од планираната програма.

Во 2015 година, ЈКП „Илинден" - н.Илинден ќе се ангажира и во расчистување на отпадот од јавните површини (градежен шут, земја, гранки и др.) што го оставаат неодговорни и несовесни граѓани, кои одлагаат ваков вид на отпад на слободните јавни површини низ општината.

Јавните површини кои по поројните врнежи се покриени со наноси од песок и друг материјал ќе се чистат веднаш по престанувањето на врнежите и се со приоритет пред другите активности. Доколку постојат објективни можности по чистењето на наносите ќе се изврши перење на улиците.

Во текот на 2015 година покрај редовните активности се планираат и низа други активности, а една од активностите ќе биде и анимирањето на граѓаните и поттикнувањето за примарната селекција на отпадот. За таа цел , согласно финансиките можности на претпријатието , на повеќе места во општината ќе се поставаат контејнери за селекција на пластичниот и картонскиот отпад.

- **Со оваа Програма планирано е одржување на улиците и патиштата на подрачјето на Општина Илинден во вкупна должина од 52.65 км. ( 21,65 км. во населени места и 31 км. надвор од населените места ) и тоа :**

- Асфалтирана површина - 273.200 м$^2$, од кои : 110.000 м$^2$ во населени места и 163.200 м$^2$ надвор од населените места
- Тротоари и површина покрај сообраќајниците (шанци и друга слободна површина ) - 200.000 м$^2$
- Улици со рабници - 9.000 м

# П Р Е Г Л Е Д

**на годишен физички обем за одржување на јавната чистота на јавно прометните (асфалтирани) површини во 2015 година**

| Р.б | Релација, патен правец, улица | Должина (во км.) | Ширина (во м.) | Површина (во м$^2$) | Категорија |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Пуста кула - ул. 1 (Илинден) | 3,3 | 6 | 19.800 | 2 |
| 2. | Илинден - Пуста кула | 2,0 | 4 | 8.000 | 3 |
| 3. | Ул. 9 (Илинден) | 2,4 | 6 | 14.400 | 1 |
| 4. | Ул. 8 (Илинден) | 2,6 | 6 | 15.600 | 1 |
| 5. | Ул. 11, 13, 14 и 15 (Илинден) | 1,6 | 4 | 6.400 | 2 |
| 6. | ул. 9 (ОУ Гоце Делчев - Са-тра) | 0,5 | 4 | 2.000 | 1 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 7. | Илинден - Јурумлери | 2,0 | 5 | 10.000 | 3 |
| 8. | Ул.500 (Марино) | 2,1 | 6 | 12.600 | 1 |
| 9. | Ул.531 (Марино) | 0,6 | 5 | 3.000 | 2 |
| 10. | Ул. 532(Марино) | 1,4 | 5 | 7.000 | 1 |
| 11. | Ул. 534(Марино) | 0,3 | 6 | 1.800 | 1 |
| 12. | Раскр. Кадино -Игралиште Кадино | 0,8 | 6 | 4.800 | 3 |
| 13. | Ул.10(Кадино) - Идризово(Дрма) | 2,7 | 5 | 13.500 | 3 |
| 14. | Ул.2 (Кадино - Мралино) | 1,0 | 4 | 4.000 | 3 |
| 15. | Раск.Кадино - Бунарџик | 2,5 | 5 | 12.500 | 3 |
| 16. | Бунарџик - Ајватовци | 1,9 | 4 | 7.600 | 3 |
| 17. | Раск.Кадино - Миладиновци | 6,2 | 6 | 37.200 | 3 |
| 18. | Миладиновци - Текија | 2,7 | 5 | 13.500 | 3 |
| 19. | Текија - Дељадровци | 1,4 | 5 | 5.600 | 3 |
| 20. | Миладиновци - Бујковци | 2,0 | 5 | 10.000 | 3 |
| 21. | Бујковци - Мршевци | 1,5 | 5 | 7.500 | 3 |
| 22. | Мршевци - Бучинци | 1,0 | 4 | 4.000 | 3 |
| 23. | Мршевци - Дељадровци | 2,0 | 5 | 10.000 | 3 |
| 24. | Илинден - Ајватовци | 3.2 | 5 | 16.000 | 3 |
| 25. | Ново Школо - нов мост (Марино) | 0,1 | 6 | 600 | 2 |
| 26. | Надвозник кај хотел Белви | 0,1 | 8 | 800 | 2 |
| 27. | Надвозник кај ж.Станица Илинден | 0,3 | 8 | 2.400 | 2 |
| 28. | Улица кон Стопански комплекс (Ж.фарма) | 0,2 | 5 | 1.000 | 3 |
| 29. | Ајватовци - Мршевци | 3,9 | 5 | 19.500 | 3 |
| 30. | Улица „7“ Илинден (Мултипром) | 0,25 | 6 | 1.500 | 2 |
| 31. | Улица „534“ Марино (IМакинвеств) | 0,1 | 6 | 600 | 2 |
| | **ВКУПНО:** | **52,65** | | **273.200** | |

➢ **Покрај улиците и патиштата на територијата на Општина Илинден , со оваа Програма се опфатени и други јавни површини како што се :**

- Јавни површини околу спортско-рекреативни објекти ------ 4.000 $м^2$
- Јавни површини околу детски игралишта ---------------------- 1.000 $м^2$
- Јавни површини околу домови на култура --------------------- 1.000 $м^2$
- Пешачки патеки ------------------------------------------------------ 2.000 $м^2$
- Паркинзи за лесни и тешки товарни возила ------------------- 1.500 $м^2$

- **Со оваа Програма е опфатено и одржувањето и уредувањето на јавните зелени површини на подрачјето на Општина Илинден**

Јавните зелени површини и парковите се значајни еколошки фактори кои го обезбедуваат квалитетот на живеењето на граѓаните во една урбана средина и стануваат се понеопходни како на експанзијата и забрзаниот развојот на Општината. Поради ова во текот 2015 година Секторот Јавна чистота, паркови и зеленило во ЈКП „Илинден" ќе превзема активности за одржување на досега уредените зелени површини.

Грижата и одржувањето на веќе оформените паркови, тревници, пешачки патеки и други озеленети површини подразбира: полевање, косење, кроење, окопување и чистење на површините, замена и отстранување на оштетените и исушени садници со други, поправка и подобрување на хидрантската мрежа за полевање на парковите и тревниците, во случај на потреба да се изврши поправка и санирање на евентуални оштетувања во парковите и тревните површини и редовна контрола и надзор.

| **Преглед на уредени јавни зелени површини на подрачјето на Општина Илинден за 2015 година** | | |
|---|---|---|
| ***I. Паркови и озеленети површини на територијата на Општина Илинден*** | | ***Површина (во $м^2$)*** |
| 1. | Парк на раскрсница во Илинден | 500 |
| 2. | Парк кај седиштето на Општината | 2.000 |
| 3. | Тревник покрај пешачката патека Илинден -Марино | 2.500 |
| 4. | Парк во н.м.Миладиновци | 1.000 |
| 5. | Тревник кај спортска сала Гоце Делчев | 1.000 |
| 6. | Тревник кај Модуларно училиште | 20.000 |
| 7. | Тревник кај помошно фудбалско игралиште во Марино | 1.700 |
| 8. | Тревници кај Домови на култура | 7.400 |
| **Вкупна површина на паркови и озеленети површини** | | **36.100** |
| ***II. Тревни површини покрај локалните патишта во Општина Илинден*** | | |
| 1. | Должина на локалните патишта | 30.000 м. |
| 2. | Ширина на чистење покрај локални патишта | 2 м. |
| Вкупна површина покрај локалните патишта | | 60.000 $м^2$ |

- **Со оваа програма предвидено е и подигнување на контејнери со капацитет од 5,5 м3 за растителен отпад од јавните површини на територијата на Општина Илинден**

Растителниот отпад (отпадот кој настанува со косење трева, сечење дрва, чистење троскот, лисја, отпад од градини, овоштарници, лозја и друг отпад од растително потекло) од територијата на Општината Илинден во 2014 година ќе се подигнува со поставување на контејнери и нивно чистење и ротирање на повеќе локации во Општината каде ќе се јави потреба од поставување на контејнер. Со ова ќе се спречат ситуациите со ставање на градинарскиот отпад и отпад од паркови во и покрај садовите за собирање на

отпадот. Во периодот на подигнување на растителниот отпад (**месеците октомври и ноември**), за оваа намена ќе се користат **20 контејнери**, а се предвидува вкупно подигнување на **1200 контејнери**. При евентуална зголемена потреба, на барање на Општината претпријатието ќе биде во можност да го зголеми бројот на контејнери и интензитетот на нивното подигање.

| **Преглед на локации во Општина Илинден за поставување на контејнери за биолошки отпад** |
|---|
| **н.м.Илинден:** ул.1 - Плац; ул.2 -спроти ДЗС Илинден; раскрсница на ул.2 и ул.8; ул.6; ул.7 кај Мултипром; ул.8 - кај млин за сточна храна; ул.8 - кај амбуланта; раскрсница на ул.8 и ул.14; ул.9 - спроти општинската зграда, ул.9-кај Дом на култура; раскрсница на ул.11 и ул.9; раскрсница на ул.9 и ул.21; ул.10; ул.11 и ул.13 - кај пензионерски дом; ул.19 ; ул.23. |
| **н.м.Марино:** раскрсница на ул.500 и 401; раскрсница на ул.500 и 405; ул.406; раскрсница на ул.500 и ул.415; раскрсница на ул.500 и ул.526; раскрсница на ул.500 и ул.534; ул.531 до кошаркарското игралиште; раскрсница на ул.532 и ул.502; раскрсница на ул.532 и 505; раскрсница на ул.532 и ул.506; раскрсница на ул.531 и 513; раскрсница на ул.532 и ул.518; раскрсница на ул.532 и ул.523; раскрсница на ул.532 и 526; раскрсница на ул.532 и ул.527. |
| **н.м.Кадино:** раскрсница на ул.1 и ул.11; раскрсница на ул.2 и ул.3; ул.8; ул.10; ул.10-кај ОУ „Ристо Крле"; ул.11. |
| **н.м.Мралино:** на автобуска постројка; кај игралиштето. |
| **н.м. Бунарџик**: МВ Сред село. |
| **н.м.Ајватовци:** МВ Сред село. |
| **н.м.Миладиновци:** кај ОУ „Браќа Миладиновци; кај паркот; кај спортски терен за мал фудбал; МВ Старо село. |
| **н.м.Бујковци:** МВ Сред село; на автобуската постојка после црквата. |
| **н.м.Мршевци:** кај основното училиште; пред Дом на култура. |
| **н.м.Бучинци:** МВ Сред село. |
| **н.м.Текија:** МВ Сред село. |
| **н.м.Дељадровци:** Дом на култура; кај железничката станица. |

- **Терцијална каналска мрежа на територијата на Општина Илинден предвидена за уредување во 2015 година**

| | Отворени одводни канали | Должина/метри |
|---|---|---|
| **Илинден** | м.в. Шамак | 1500 |
| | м.в. Џабица | 400 |
| | Сисавци на Топлик | 1500 |
| | Позади спортски терени | 500 |
| | Покрај Јурумлерски пат | 1500 |
| | ул.11, ул.13 и ул.19 Проект за зафаќање и одведување на атмосферски води (површина 130000 метри квадратни) | 2425 |
| | **Вкупно:** | **7825** |
| **Марино** | Сисавци на Главен канал | 1500 |
| | Ул. 500 | 500 |
| | **Вкупно:** | **2000** |
| **Кадино** | м.в.Ливада (Позади црква) | 1200 |
| | ул.7, ул.8 и ул.10 Проект за зафаќање и одведување на атмосферски води (површина 130000 метри квадратни) | 2450 |
| | **Вкупно:** | **3650** |
| Мралино | ул.3 | 1500 |
| | Шамак | 1000 |
| | м.в Езериште(покрај ул.7) | 250 |
| | новоископан од Гробишта до Главен канал | 1050 |
| | **Вкупно:** | **3800** |
| **Вкупно:** | | **17.275** |

- **Со оваа програма се предвидуваат и активностите на ЈКП „Илинден" н.Илинден за чистење на снегот и мразот во зимски услови на територијата на Општина Илинден во зимската сезона 2014/2015 година**

Согласно одредбите од чл.7 од Законот за јавна чистота ( објавен во „Службен весник на РМ" бр.111/08, 64/2009, 88/10, 114/10, 23/11, 53/11 и 80/2012), Јавното комунално претпријатие „Илинден" н.Илинден, како јавно претпријатие основано од Општина Илинден за комунални услуги, е надлежно и овластено за чистење на снегот и мразот во зимски услови на јавните површини во Општината. Со програмава се определуваат видот и обемот на работите што треба да се извршат, временските рокови за извршување на работите, динамиката и нивото на чистење на снегот и голомразиците од коловозните површини, се врши дефинирање на работите и обврските за сите учесници за реализација на предметнава програма и се определуваат потребните финансиски средства за одржувањето на улиците и локалните патишта во Општина Илинден, во зимски услови во сезоната 2014/2015 година.

Преку организационата поставеност ќе бидат дефинирани работите и задолженијата на директните учесници вклучени во реализацијата на оваа Програма.

*II-1. Јавно комунално претпријатие „Илинден" н.Илинден*

- ќе ја реализира Програмата за функционирање на зимската служба;
- организира редовна приправност со потребна опрема: алат, резервни делови и стручен кадар за обезбедување исправност на сопствената механизација за дејствување во зимски услови;
- одговорните работници на дежурството вршат потребни контакти со сите одговорни субјекти, ја спроведуваат Програмата и даваат потребни информации на надлежните субјекти и граѓани;
- набавува, обезбедува чување и складирање, како и раструрање на сол и ризла и други материјали;
- ги подготвува возилата и машините и другата потребна механизација и ја доведува во исправна состојба за дејствување во зимски услови;
- со специјални машини, опрема и работна рака врши посипување на индустриска сол за отстранување на голомразицата од коловозните површини;
- води целосна документација за зимската служба и изготвува распоред на лица за приправност;
- врши редовно тековно одржување на возилата и опремата;
- обезбедува потребни резервни делови за поправка на механизацијата;
- работниците ќе вршат : отварање на пешачките премини, отварање на пешачки патеки по тротоарите и плочниците, целосно чистење на мостовите и чистење и празнење на снегот од уличните корпи .

Снегот и мразот од тротоарите ќе се собира на рабовите од тротоарот, а ако тротоарите се потесни од 1,5 м. на работ од коловозот, при што ќе се внимава да не се затрупуваат сливниците и да не се нарушува движењето на возилата и пешаците.

*II-2. Други учесници вклучени во реализацијата на Програмата*

II-2.1.Претпријатијата чии објекти и простории се користат од страна на граѓаните ( бензиски пумпи, паркиралишта и сл.)преземаат брзи и ефикасни мерки за отстранување на снегот и голомразицата од овие објекти и простории пред нив.

II-2.2.Претпријатијата, училиштата, заедниците и граѓаните - сопственици, односно корисници на деловни згради и деловни простории ( дуќани, продавници и слични објекти) преземаат мерки за чистење на снегот и голомразицата пред своите објекти.

II-2.3.Граѓаните, односно сопствениците,станарите и закупувачите на стамбени објекти го чистат снегот и голомразицата од тротоарите-патеките и приодните места пред своите стамбени објекти. Исто така граѓаните го чистат снегот од покривите и терасите, при што се води сметка за безбедноста на минувачите, надворешните инсталации и сообраќајот, а исчистениот снег се собира пред стамбените и деловните објекти на начин што ќе се обезбеди непречен сообраќај.

- Обем на одржување

За нормалното и непречено одвивање на сообраќајот на улиците во Општина Илинден во зимските услови при врнежите на снег и голомразица , ќе се превземат активности за машинско чистење на снегот од коловозот на улиците, прскање со сол и ризла по отстранувањето на снегот и рачно чистење на делниците со отварање на ленти за истек на водата.

Обемот на одржувањето на улиците во Општината ќе зависи од :
- густината на населеноста на делови од Општината;
- фреквенцијата на луѓе и моторни возила;
- видот и бројот на инфраструктурните објекти.

Коловозните површини за оспособување на ниво на Општината се 52.65 км. и нивното расчистување се одвива по приоритетна листа , со точно дефинирани приоритети при одржувањето, а посебно водејќи сметка за критичните точки во Општината.

| Р.бр. | **Релација, патен правец, улица** | **Должина (во км.)** | **Ширина (во м.)** | **Површина (во $м^2$)** |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Пуста кула - ул. 1 (Илинден) | 3,3 | 6 | 19.800 |
| 2. | Илинден - Пуста кула | 2,0 | 4 | 8.000 |
| 3. | Ул. 9 (Илинден) | 2,4 | 6 | 14.400 |
| 4. | Ул. 8 (Илинден) | 2,6 | 6 | 15.600 |
| 5. | Ул. 11, 13, 14 и 15 (Илинден) | 1,6 | 4 | 6.400 |
| 6. | ул. 9 (ОУ Гоце Делчев - Са-тра) | 0,5 | 4 | 2.000 |
| 7. | Илинден - Јурумлери | 2,0 | 5 | 10.000 |
| 8. | Ул.500 (Марино) | 2,1 | 6 | 12.600 |
| 9. | Ул.531 (Марино) | 0,6 | 5 | 3.000 |
| 10. | Ул. 532(Марино) | 1,4 | 5 | 7.000 |
| 11. | Ул. 534(Марино) | 0,3 | 6 | 1.800 |
| 12. | Раскр. Кадино -Игралиште Кадино | 0,8 | 6 | 4.800 |
| 13. | Ул.10(Кадино) - Идризово(Дрма) | 2,7 | 5 | 13.500 |
| 14. | Ул.2 (Кадино - Мралино) | 1,0 | 4 | 4.000 |
| 15. | Раск.Кадино - Бунарџик | 2,5 | 5 | 12.500 |
| 16. | Бунарџик - Ајватовци | 1,9 | 4 | 7.600 |
| 17. | Раск.Кадино - Миладиновци | 6,2 | 6 | 37.200 |
| 18. | Миладиновци - Текија | 2,7 | 5 | 13.500 |
| 19. | Текија - Дељадровци | 1,4 | 5 | 5.600 |
| 20. | Миладиновци - Бујковци | 2,0 | 5 | 10.000 |
| 21. | Бујковци - Мршевци | 1,5 | 5 | 7.500 |
| 22. | Мршевци - Бучинци | 1,0 | 4 | 4.000 |
| 23. | Мршевци - Дељадровци | 2,0 | 5 | 10.000 |
| 24. | Илинден - Ајватовци | 3.2 | 5 | 16.000 |
| 25. | Ново Школо - нов мост (Марино) | 0,1 | 6 | 600 |
| 26. | Надвозник кај хотел Белви | 0,1 | 8 | 800 |
| 27. | Надвозник кај ж.Станица Илинден | 0,3 | 8 | 2.400 |
| 28. | Улица кон Стопански комплекс (Ж.фарма) | 0,2 | 5 | 1.000 |
| 29. | Ајватовци - Мршевци | 3,9 | 5 | 19.500 |
| 30. | Улица „7“ Илинден (Мултипром) | 0,25 | 6 | 1.500 |
| 31. | Улица „534“ Марино („Макинвест“) | 0,1 | 6 | 600 |
| | **ВКУПНО** | **52,65** | | **273.200** |

Според важноста на улиците, интензитетот на сообраќајот и местоположбата на истите се поделени во 3 (три) приоритетни групи:

- Во првата приоритетна група спаѓаат сите приодно-влезни улици, мостови и надвозници во општината, централните улици со голем интензитет на сообраќајот и улици кои го поврзуваат административниот центар : општината, училиштата, детската градинка, спортската сала, амбулантните установи и автобуски постојки.

  Овие улици претставуваат костур на главните улици во општината со можност за влез и излез на секое надворешно возило и пристап до административниот центар на општината.
- Во втората приоритетна група на улици за зимско одржување спаѓаат улиците со помал интензитет на сообраќај и тие ги поврзуваат улиците од првата приоритетна група или даваат можност за побрз влез и излез на сообраќајот во поодделни реони на општината. Со расчистувањето на овие улици , сообраќајот во општината може несметано да се одвива во сите правци и реони и покрај овие улици нема некои поважни објекти од административен, здравствен или јавен карактер.
- Во третата приоритетна група спаѓаат сите останати улици во општината по кои се одвива мошне слаб сообраќај и претставуваат кракови и џебови на улици од претходните две приоритети или пак сеуште не се асфалтирани или отворени, па не е можна некоја поефикасна интервенција за одвивање на сообраќајот во зимски услови.

• Динамика на одржување

Оспособувањето на улиците ќе се врши во зависност од временските услови и тоа :

- состојбата на присуство на голомразици или снежни врнежи до 20 см (прва состојба на готовност);

- состојба на голомразица и снежни врнежи над 20 см (втора состојба на готовност).

Во првата состојба на готовност Јавното комунално претпријатие „Илинден" н.Илинден со својата ангажирана механизација, работна сила и абразивни средства првенствено ќе изврши оспособување на коловозните површини за сообраќај на улиците од првата приоритетна листа, а работниците ќе дадат приоритет на отварање на пешачките премини, отварање на пешачки патеки по тротоарите и плочниците и целосното чистење на мостовите, надвозниците и критичните угорнини.

Согласно членот 22 од Законот за јавна чистота улиците од првата приоритетна група ќе бидат оспособени за функционирање на сообраќајот во зимски услови за 6 (шест) часа, сметано од моментот на почнување на снежните врнежи. Чистењето на снегот пред објектите (пристапот до самиот објект) е во надлежност на сопствениците или корисниците на објектите, и во зимски услови при снежни врнежи тие се должни веднаш да започнат со чистењето на снегот на отворените простори пред јавните објекти , со што ќе се обезбеди непречен пристап до објектите.

Во втората состојба на готовност Јавното комунално претпријатие „Илинден" н.Илинден по потреба ќе ангажира и дополнителен подизведувач на работите, со цел за ефикасно и навремено оспособување на улиците од првата приоритетна група, а потоа се продолжува со другите две приоритетни групи, и тоа прво ќе се расчистат улиците од првата приоритетна група до населените места, а потоа ќе се продолжи со улиците од втората и третата приоритетна група.

- Механизација, опрема, материјали и работна сила за зимско одржување

| Механизација и опрема | | |
|---|---|---|
| 1. | Градежна машина-ровокопач | 1 |
| 2. | Специјално возило-подигач | 1 |
| 3. | Специјално возило - метлачка | 1 |
| 4. | Возило опремено со плуг и расфрлувач на сол и ризла | 1 |

| Работници | | |
|---|---|---|
| 1. | Работоводител на смена | 1 |
| 2. | Работници за припрема на сол | 2 |
| 3. | Возачи | 3 |
| 4. | Работници за опслужување | 10 |
| | | |

Општината Илинден, заедно со Швајцарската агенција за развој и соработка и со Центарот за одржлив развој „АЛКА" успешно го реализираше Проектот „Форуми во заедницата", при што е набавено специјално возило за зимско одржување, со што во многу ќе се помогне и олесни успешното спроведување на процесот за зимско одржување на улиците и патиштата на територијата на општината.

## 3. ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

**За успешно спроведување и реализација на предметнава програма и за успешното реализирање на сите погоре предвидени програмски задачи и активности, се планира да се обезбедат следниве износи на финансиски средства:**

- **Одржување на чистота на јавните површини и отворени простори на јавни објекти на територијата на Општина Илинден; одржување на чистота на останати јавни површини на територијата на Општина Илинден; одржување и уредување на јавни зелени површини на подрачјето на Општина Илинден; подигнување на растителен отпад од јавни површини на територијата на општината ------------------------------------- 4.300.000,00 ден. (износ со вкалкулиран Данок на додадена вредност).**

Потребните финансиски средства за одржување на јавната чистота на подрачјето на Општина Илинден за 2015 година се планира да се обезбедат од корисниците на јавните површини и на отворените простори на јавните објекти (домаќинствата и правните субјекти). Наплатата на надоместокот за одржување на јавната чистота ЈКП „Илинден" н.Илинден ќе ја врши со доставување на сметката за собирање и транспортирање на комуналниот цврст отпад. Надоместокот за одржување на јавната чистота на сметката ќе се прикажува одвоено.

Средствата собрани од надоместокот за одржување на јавната чистота се приход на Буџетот на Општина Илинден и ќе се користат за финансирањето на оваа Програма, а повлекувањето на средствата од Буџетот на Општина Илинден ќе се врши врз основа на склучен Договор со Општина Илинден по доставени месечни ситуации за извршена работа од страна на ЈКП „Илинден" н.Илинден.

- **Чистење на снег и мраз во зимски услови на јавните површини и коловозни површини на територијата на општината ------- 1.800.000,00 ден. (износ со вкалкулиран Данок на додадена вредност).**
  - од сопствени приходи од Буџетот на Општина Илинден
  - од Агенцијата за државни патишта

## 4. Надзор над извршувањето на Програмата

Надзор над извршување на Програмата за јавна чистота на подрачјето на Општина Илинден за 2015 година врши надлежниот општински орган - Одделението за инспекциски надзор.

Инспекциски надзор согласно Законот за јавна чистота вршат комуналниот инспектор, комуналните редари и Инспекторот за животна средина.

***ЈКП „ИЛИНДЕН" н.Илинден***
***Директор***
***дипл.екк. Сашо Саздовски***